# АРЧИ

АРЧИ — АСОЦИЈАЦИЈА ЗА КУЛТУРА ИТАЛИЈА

ДЛУМ — ДРУШТВО НА ЛИКОВНИ УМЕТНИЦИ НА МАКЕДОНИЈА

# ИЗЛОЖБА

НА УМЕТНИЦИТЕ ОД ФЕРАРА

22 III — 1 IV 1971

УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ

Во јуни—јули 1969 година, во Ферара беше отворена изложба на македонската современа уметност. Обемната изложба во Скопје дава можност да се покажат творешките барања на ферарските сликари, скулптори и графичари. За да се сфати разновидноста на насоките, претставени на оваа групна изложба, требаат неколку запирања на сложената и противречна положба на уметничкиот живот на современа Италија.

Расцутот на неореализмот во 1940—1950-те години се смени со период на упорна работа над вдлабочувањето на експресивните средства на уметничкиот јазик со цел да се обогати фигуративното сликарство. Негирајќи го неореализмот, претставителите на многу насоки на уметноста, долго време се групираа околу апстракционизмот и потоа, сфаќајќи ја неговата бесперспективност поминаа на анархистичко индивидуалистичко истражување. Нефигуративната уметност, доведена кон разбивање на формата, беше последно нивно пристаниште. Само откога го разбраа неговото банкротство, уметниците можеа да продемострираат први позитивни резултати од конструктивното обновување.

Претставниците на тие струења должни беа да го доживеат целосниот пресврт во своите творечки гледишта. На смена на „незаврбованосто“, долго време пропагирана од теоретичарите на нефигуративнета уметност, дојде стремижот кон социјална носака.

По тој начин произлегува, од една страна, еволуцијата на неореализмот во насока на активна интерпретација на реалноста, што многу повеќе одговара на сложените противоречни патишта на развивањето на современото капиталистичко општество, од

друга страна, се развиваат и поостри уметнички истражувања. Урнувањето на митот за „епохата на техниката", за „општество на благосостојба", кое е длабоко туѓо на духовните потреби на човекот; обновувањето токму на фантазиите како двежичка сила на уметничкото творештво и јазик; преродбата на тоа што било живо по уметничкиот опит на класичниот авангардизам; протестот против буржоаското општество, прифаќан и како морална позиција и како основа на творештвото, — сето тоа во денешно време се јавува како општо, како за тие уметници, чие минато е врзано за неореализмот, така и за тие, кои по подолги скитања ослабе од формализмот.

Такви се основните линии на развитокот, по кои што оди и уметничкото барање на ферарските сликари.

Постарата генерација на изложбата е претставена во работи на двајца скулптори — Д. Вирџили и А. Џукини. Првиот произлегува од академските концепции, во својата рационална и методошка работа достигнувајќи совршенство на соодносите на размерите. Вториот во својата уметност ги сврзува елементите на уметничкиот опит на футуристите и сопствената реакција на реалната стварност, прифатена мошне драматично.

Во истиот ред со нив — двајца претставници на средната генерација: Н. Орзати и Е. Фиораванти. Двајцата тие поминале низ опитот на неореализмот, кој оставил неизбришлива трага на нивното творештво. Кај Орзати постојано произлегува борбата меѓу неговите академски страсти и острите прифаќања на современоста што го окружува и нејзините жестоки противречности и паѓањето на човешките вредности.

Фиораванти повеќе тежи кон содржината, разгледувајќи ја сликата како непосреден одраз на реалноста, во која се раствораат и претвораат литературни и естетски претстави.

Младата генерација — тоа е С. Цани и М. Бонора. Првиот работи во духот на експресионизмот, и чувството со кое тој ја прима реалноста, нему му дозволува да навлезе во вистинската смисла на појавата. Вториот е повеќе во размислување за композициската поставеност и во користењето на материјалот. Примајќи ја дејствителноста како нешто сложено и не подпагајќи по влијание на лесно воопштување, тој смета, дека таа може да биде изразена само преку прикажувањето на противречноста на надворешните појави.

Д. Гуиди и Ф. Гоберти — сликари, тесно се врзани со последните неофигуративни правци. Во рамките на тие движења тие се однесуваат кон групата сликари кои протестираат против општественото уредување како антихумано и морално изродено.

Меѓу младите сликари се претставени и А. Цанелато, А. Мастелари, И. Фабриано, различни по своите погледи и по достигнатите резултати. Нивното творештво го илустрира сложената ситуација во која младите сликари на Ферара се занимаваат со барање за својата творечка индивидуалност.

Оваа изложба наметнува само општа слика. Но ние се надеваме дека оваа „скица“ е доволна за почнување дијалог и раширување на врската меѓу уметниците на наште земји.

**Ренато Зити**

## ЏИЗЕПЕ ВИРЏИЛИ



Роден е во Ферара во 1894 година. Студирал скулптура во Болоња. Сега живее во Ферара. Учествува во најзначајните изложби во Италија: Болоња и Венеција, Квадриналето во Рим, Меѓународната изложба на црковната уметност во Рим, Биеналето Брера во Милано, Националната изложба на ситна пластика во Падова, Биеналето во Милано. Добитник е на неколку први награди на изложбите во Италија.

| | | |
|---|---|---|
| 1. | РАБОТНИЦИ | Бронза |
| 2. | ТОРЗОНА АТЛЕТ ШТО СЕ ОДМОРУВА | Бронза |
| 3. | МАЧЕ ШТО ИГРА | Цртеж |
| 4. | ЗАМИСЛЕН ИЗРАЗ | Цртеж |
| 5. | ФИГУРИ | Цртеж |
| 6. | СЕЧАЧ НА ДРВА | Бронза |



Роден во Ферара во 1897 година. Бил член на групата што во 1932 година ја формира Роберто Мели заедно со уметниците Капогроси, Мафаи, Пиранделo. Во 1942 година добил покана да ги прикаже своите дела во Милано. Скулптурите на Џукини на самостојни изложби во Милано (3), Рим (2), Париз (1). Учествувал и на заеднички изложби од 1931 до 1965 на Квадриналето во Рим, во 1956 и 1958 на Биеналето во Милано, во 1961 година на изложбата на италијанските уметници во Франција, потоа во Милано и во Париз, во Музејот Роден.

| | |
|---|---|
| 7. ГРУПА | Дрво |
| 8. МАЈЧИНСТВО | Дрво |
| 9. АКРОБАТ | Бронза |
| 10. ЖЕНА НА КАРПАТА | Дрво |
| 11. ХАРФА | Бронза |
| 12. АКТ | Дрво |



# НЕМЕЗИО ОРЗАТИ

10

Роден е во Ферара во 1912 година. Посетувал Академија на убавите уметности во Болоња каде учел кај Вирџилио Гуиди, Џовани Романьоли и Џорџо Моранди. Со диплома за декоративна уметност тој подоцна специјализирал ѕидно сликарство. Работејќи во областа на фреската, ѕидното сликарство и графиката, тој учествувал во многубројни изложби како во Италија така и во странство. Свои работи прикажувал на Биеналето во Венеција, Квадриналето во Рим, Националното биенале во Милано. Предава сликарство и пластика во Институтот за уметност Досо Доси во Ферара.

| | |
|---|---|
| 13. ГРМУШКИ | Темпера |
| 14. НИМФА | Темпера |
| 15. МОЧУРИШНИОТ ДЕЛ НА ДЕЛТАТА | Темпера |
| 16. ПРОТИВ ТЕРМОБИОЛОШКАТА ВОЈНА | Офорт |


SIA LA PACE NEL MONDO!

# ЕДВАРДО ФИОРАВАНТИ



Роден е во 1912 година во малечкото гратче Калто, во долината на реката По, провинцијата Ровиго. Уметничкото образование го примил во Институтот за уметност во класата на книжна илустрација во Урбино. По завршувањето на учењето почнал уметничка дејност како графичар, едновремено и новинар. Во 1941 година е повикан во армијата, се борел на повеќе фронтови во војната, попаднал во заробетништво и бил интерниран во САД (Хенфорд, Тексас). Работел во весник разработувајќи ги проблемите на уметноста, литературата и политиката. Околу неговиот весник се групирале и Џузепе Бертол, Данте Тр[illegible]ити, Гаетано Тимиати, Алберто Бури кои работеле во областа на уметноста и литературата. По враќањето во Италија, во 1946 година, тој се занимава со настава во Урбино, едновремено пишува и публикува неколку збирки на песни и раскази. Во 1950 година конечно доаѓа во Ферара каде ја продолжува својата уметничка дејност. Во 1963 година беше прикажана негова ретроспективна изложба на слики и графики кои настанале уште од 1932 година.

| | |
|---|---|
| 17. НА ЗИДОТ | Масло |
| 18. НА СТАНИЦА | Масло |
| 19. СУВЕНИР ОД РЕКАТА ПО | Масло |
| 20. ПИЈАНИЦИ | Масло |
| 21. ДВАЈЦА ПОЕТИ | Масло |
| 22. ФРАГМЕНТ ОД СПОМЕН | Масло |



## МАУРИЦИО БОНАРА



Роден е во Ферара во 1940 година. Завршил Академија на убавите уметности во Болоња. Предава во Институтот за уметност во Ферара и живее таму. Главно се занимава со скулптура, но исто владее со техниката на графика. Неговото творештво не смее да се поставува во некој определен правец, но неговите творби се социјално заострени. Почнувајќи од 1959 година учествува во многубројни самостојни и заеднички изложби како во Италија така и надвор од неа. Во последниве години главно работи во областа на театарско-декоративното сликарство.

| | |
|---|---|
| 23. ПАРАБОЛА | Графика |
| 24. СМРТ | Графика |
| 25. МОДЕЛ | Графика |
| 26. КУЧЕ | Графика |



## СЕРЏИО ЏАНИ 16

Роден е во Ферара во 1942 година. Учил во Академијата на убавите уметности во Болоња во класата за скулптура. Денес се занимава со декоративна пластика. Учествувал на многубројни изложби и конкурси во Мантуа, Болоња, Ферара, Рим.

| | |
|---|---|
| 27. СТАТИЧНА ГРУПА | Цимент |
| 28. ОПШТЕСТВЕН ТРИАГОЛНИК | Цимент |
| 29. СКИЦА ЗА СПОМЕНИК НА ПАДНАТИТЕ | Цимент и железо |



# ФРАНКО ГОБЕРТИ 18

Роден е во Ферара во 1939 година. Учелво Академијата на убавите уметности во Болоња. Предава и работи во Ферара. Негови работи биле експонирани на разни изложби во Италија, Ферара, Болоња, Парма, на Квадриналето во Рим и во Франција.

| | |
|---|---|
| 30. ВИД НА УРНУВАЊЕ | Масло |
| 31. ОРГАНИЗАМ ШТО УМИРА | Масло |
| 32. ЕНТЕРИЕР | Масло |
| 33. НИШАН | Масло |



Роден е во Болоња во 1942 година. Учел во Институтот за уметност Досо Доси во Ферара и во Академијата за убави уметности во Болоња. Во 1963 година ја доби првата награда на градот Ферара и првата награда на градот Портомацоре. Во 1964 година доби стипендија на Академијата за убавите уметности во Болоња. За јубилејот — 20 години од Отпорот прими златен медал на комуната Фаенци, учествувал на изложби на младите италијански уметници во Модена. Добитник е на Меѓународната награда Судзар. Излагал во Рим, Ферара, Лењаго, Милано, Болоња.

| | |
|---|---|
| 34. РАЃАЊЕТО НА ПАОЛА I | Нитроемајл и колаж |
| 35. РАЃАЊЕТО НА ПАОЛА II | Нитроемајл и колаж |
| 36. КУТИЈА ЗА НАКИТ | Цртеж во боја |
| 37. КУТИЈА ЗА НАКИТ | Цртеж во боја |



# АЛФРЕДО ЦАНЕЛЛАТО

Роден е во 1931 година во Адриано (Ферара) каде работи и сега, посветувајќи се на сликарството. Учествувал на многу меѓународни и национални изложби. Неговите самостојни изложби секогаш предизвикуваат позитивни отзиви кај критиката и публиката, и негови дела фигурираат во многубројни приватни и јавни колекции како во Италија така и во странство. Добитник е на повеќе награди.

| | |
|---|---|
| 38. ЕНТЕРИЕР | Масло |
| 39. СЕЛСКА КУЌА | Масло |
| 40. КОМПОЗИЦИЈА ВО КОКОШАРНИК | Масло |
| 41. ДОМА КАЈ КОРИСНИКОТ | Масло |



# АДРИАНА МАСТЕЛЛАРИ

Родена е во Ферара во 1933 година. Уметничкото образование го примила отпрво во Школата за убави уметности во Урбино, а потоа во Академијата на убавите уметности во Болоња. Нејзината уметничка дејност почнува во Ферара, каде не еднаш прикажала свои дела на самостојни и групни изложби. Нејзиното сликарство изразува надеж дека светот ќе најде можности за прогрес.

| | |
|---|---|
| 42. СВЕДОК | Масло |
| 43. СМРТТА НА ПРАВЕДНИОТ | Масло |
| 44. ПРАЗНИ РАЦЕ | Масло |
| 45. СЛАБО СТРУЕЊЕ НА КРВТА | Масло |



Роден е во Ферара во 1936 година. Учествувал на многубројни изложби. Неговата уметност, оттргнувајќи се од обидот на постимпресионистите, ја маскирало ограниченоста на егзистенцијализмот и се претставува себе си за активно барање на тие движечки сили во космичката ера, кои насочуваат на непрекинато изменување на светот. Тој се обраќа кон разбирањата, што се однесуваат, можеби, во сферата на потсвесното, во скриените квалитети на појавата.

| | |
|---|---|
| 46. БРЗИНА — СОПИРАЊЕ | Мешана техника |
| 47. БРЗИНА — ВРЕМЕ | Мешана техника |
| 48. ПРИРОДА — БРЗИНА | Мешана техника |
| 49. МИНУТА | Мешана техника |



Издава: Друштво на ликовни уметници на Македонија

Уредник: Надежда Димеска

Превод од руски: Олга Спирковска

Печати: „Наша книга“ — Скопје